Влада на Република Северна Македонија

Агенција за млади и спорт

Бр. 08 - 22/1

05-01-2021 год

До
СИТЕ НАЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ

ПОЧИТУВАНИ,

Агенцијата за млади и спорт за реализација на Проектот Ваучер во спортот во прилог ви ги доставува обрасците:

- Образец-В1 - Барање за користење на средства од даночно ослободување за федерација,
- Образец-В2 - Барање за користење на средства од даночно ослободување за клуб,
- Образец-В3 - Барање за користење на средства од даночно ослободување за спортист.

Ве молиме за активна соработка, согласно член 14-г од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 244/19) **пополнетите обрасци да ги доставите во архива во тврда форма (во електронска форма на маил) НАЈКАСНО ДО 20 ЈАНУАРИ.**

Националната спортска федерација е должна до Агенцијата за млади и спорт, да достави и ПРЕДЛОГ – ЛИСТА (во прилог) на спортски клубови и активни спортисти, рангирани според бодовите согласно пополнетиот Образец, кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно Законот за спортот и Законот за данокот на добивка.

Централната комисија задолжена за евалуација на предлог – листата, формирана од страна на Агенција за млади и спорт на предлог на Владата на Република Северна Македонија, има обврска по прием на барањата за користење средства од даночното ослободување со прилог предлог - листите на федерацијата, спортски клубови и активни спортисти и на други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно Законот за спортот и Законот за данокот на добивка, врши евалуација и проверка и ја доставува предлог - листата до Советот за спорт на усвојување во рок од 10 дена од приемот на предлог листите и барањата.

Советот за спорт во рок од пет дена од приемот на предлог – листата на спортски клубови и активни спортисти и на други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно Законот за спортот и Законот за данокот на добивка, на седница ја утврдува и усвојува предлог - листата.

Агенцијата за млади и спорт на својата веб страница ги објавува официјалните Листи на Национални спортски федерации, на спортски клубови и на активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови и на други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување, согласно овој закон и Законот за данокот на добивка.

Агенцијата за млади и спорт издава ваучери за користење на средствата од даночното ослободување во рок од пет дена од денот на објавувањето на листите.

***** ВАЖНО *****

Ве молиме, Комисијата формирана во националната спортска федерација задолжена за проектот ваучер во спортот, да извршат целосен увид и контрола на пополнетите обрасци од страна на спортските клубови и активните спортисти и уредно, вистинито и комплетно да ги пополнат ПРЕДЛОГ ЛИСТИТЕ (во прилог) за рангираните спортски клубови и активни спортисти и на други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт. Напоменуваме, посебно внимание да се обрати на спортските клубови и активните спортисти и на други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт кои аплицираат за Ваучер за користење на средства од даночно ослободување да се активни во последните две натпреварувачки сезони.

Влада на Република Северна Македонија

Агенција за млади и спорт

Националните спортски федерации, доколку има потреба се должни во рок од три дена да ја докомплетираат документацијата по барање на Централната комисија.

Доколку во утврдениот рок не се комплетира бараната документација, директорот на Агенцијата донесува решение со кое се одбива како неосновано барањето за користење средства од даночното ослободување.

Исто така, Ве информираме согласно Законот за спорт (Сл. весник 98/19), секоја национална спортска федерација да ја исполни својата обврска, предлог листите кои што се доставени до Централната комисија задолжена за евалуација на предлог листи, да ги објави на вашата веб страна најкасно до 20 јануари.

Лица за контакт:

- **Огнен Стојановски** - ognenstojanovski@hotmail.com, телефон 078/442-505
- **Наташа Смилевска** – nsmilevska@hotmail.com, телефон 070/389-663

Прилог:

- *Образец 1 - Барање за користење на средства од даночни ослободување за федерација,*
- *Образец 2 - Барање за користење на средства од даночни ослободување за клуб,*
- *Образец 3 - Барање за користење на средства од даночни ослободување за спортист*
- *Образец ПРЕДЛОГ ЛИСТА за рангирани спортски клубови*
- *Образец ПРЕДЛОГ ЛИСТА за рангирани активни спортисти*

Изработил: Огнен Стојановски/Наташа Смилевска
Одобрил: д-р сц. Томислав Андоновски

Доставено до:
- Директор
-Архива на АМС
- Националните спортски федерации
- Сектор спорт

ДИРЕКТОР
НАУМЧЕ МОЈСОВСКИ